Produced by NSW HEALTH DEPARTMENT

Macedonian
June 2001
[DOH-7125]

# Инфекција со гиардија
## Giardiasis

### Што е тоа инфекција со гиардија?

- Инфекцијата со гиардија е, главно, инфекција на тенките црева што ја предизвикува паразитот гиардија ламблиа (Giardia lamblia). Инфекцијата со гиардија се среќава кај човекот и кај разни видови животни.
- Инфекцијата со гиардија може да ја добие секој; меѓутоа најчесто се среќава кај новороденчиња, мали деца и возрасни лица од 20–40 години.
- Инфекцијата со гиардија мора да се пријави во НЈВ. Лабораториите што ќе ја потврдат дијагнозата, мора да ги известат службите за народно здравје кои ќе преземат мерки за да го спречат натамошното ширење на инфекцијата. Сите случаи што ќе се пријават се пријавуваат на доверлив начин.

### Како се пренесува?

- Паразитот гиардија е присутен во изметот на заразените луѓе и животни. До инфекција доаѓа кога лицето ќе дојде во контакт со материјал од изметот и ќе го внесе паразитот во својот организам со проголтување
- До пренесување може да дојде најчесто ако рацете не се измиени после одење во клозет или после менување на пелени; со пиење загадена вода; со работатење каде што има заразени животни; и, во ретки случаи, со јадење загадена храна.
- Пренесувањето најчесто се случува преку контакт од човек на човек, во домашни средини и во детски градинки
- До пренесување може да дојде и при сексуални односи што вклучуваат контакт со материјал од изметот.
- Лицето е најзарзно додека е болно и го исфрла организмот во изметот (што може да трае со месеци).

### Какави се симптомите?

- Најчестите симптоми на инфекцијата со гиардија се пролив, грчеви во стомакот, подуеност во стомакот, гадење, разводнет и блед по боја масен измет, замор и губење на тежина (слабеење).
- Некои луѓе немаат симптоми, но тие сепак можат да ја пренесат болеста на други.
- Првите знаци на болеста се појавуваат помеѓу 3–25 дена (во просек 7–10 дена) откако лицето ќе се инфицира.
- Повеќето од луѓето, кои се, инаку, здрави, ќе оздрават во рок од 4–6 недели. Понекогаш, симптомите траат подолго време.

**Како се одредува дијагнозата и како се лечи?**

- За инфекцијата со гиардија може едонствено да се даде дијагноза преку анализирање на изметот, со тест што ќе го побара докторот. Посетете го својот доктор ако имате сипмтоми.
- Важно е луѓето со пролив да пијат обилно течности за да избегнат да дојде до дехидрација (губење на течности во телото)
- Постојат лекови што се издаваат на рецепта, како metronidazole и tinidazole, што се користат за лечење на инфекцијата со гиардија.

**Кој е најмногу изложен на ризик?**

Тие што се најмногу изложени на ризик од инфекција со гиардија се:

- луѓето кои се во контакт со заразени деца, како другите деца, родителите и оние што работат во градинки
- луѓето што пијат загадена вода, како авто–стопери и оние што кампуваат.

**Како се спречува?**

За да спречите да добиете инфекција со гиардија:

- секогаш мијте ги темелно рацете со сапун и протечна вода откако: ќе одите во клозет, фаќате животни, менувате пелени, сте биле некако изложени на материјал од измет, сте ртаботеле во градина; и пред да почнете да подготвувате храна и пијалоци
- немојте да пиете непрочистена вода од реки, извори, езера, акумулации и резервоари. Превривањето на водата од овие извори во траење од една минута ќе ја убие гиардијата и другите паразити. Таблетите за прочистување на водата може да ја убијат гиардијата но може да не го убијат криптоспоридиумот. Некои филтери за вода можат, исто така, да ги отстранат овие паразити
- избегнувајте пиење на непревриена вода од чешма и не зготвена храна кога патувате во земји каде што снабдувањето со вода може да не е безбедно.

**За да спречите да се рашири гиардијата:**

- Здржете ги малите деца кои имаат пролив дома и не ги пуштајте во градинка, детски престој, групи за играње или базени, се додека проливот сосема не престане.

Ако вие имате инфекција со гиардија, додека сте заразни:

- немојте да подготвувате храна или пијалоци за други
- немојте да пливате во базени
- немојте заеднички да користите постелнина, пешкири за бришење и прибор за јадење со други лица

**Повеќе информации - Служби за народно здравје во НЈВ**

За повеќе информации обратете се кај вашиот лекар, локалната служба за народно здравје или во општествениот здравствен центар – побарајте и во предниот дел на телефонскиот именик (White Pages) под насловот “NSW Governement”.

**Градски подрачја**

| | |
|---|---|
| Central Sydney | 9515 3180 |
| South Eastern Sydney | 9382 8333 |
| Northern Sydney | 9477 9400 |
| South Western Sydney | 9828 5944 |
| Western Sydney | 9840 3603 |
| Wentworth | 4734 2022 |

**Селски подрачја**

| | |
|---|---|
| Central Coast | 4349 4845 |
| Mid North Coast | 6588 2750 |
| Mid Western | 6339 5548 |
| Hunter | 4924 6477 |
| Illawarra | 4255 2200 |
| New England | 6766 2288 |
| Northern Rivers | 6620 7500 |
| Macquarie | 6841 2216 |
| Southern | 4827 3428 |
| Greater Murray | 6021 4799 |
| Far West | (08) 8080 1499 |

**NSW Department of Health**
73 Miller Street
North Sydney NSW 2059
Tel. (02) 9391 9000
Fax. (02) 9391 9101
TTY. (02) 9391 9900

Вебсајт на NSW Health
www.health.nsw.gov.au